**ЗАПИСНИК**
**од 3-та седница на Советот**
**одржана на 17.01.2013 година**

**Присутни членови на Советот:** д-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Методија Јанчески м-р Васко Петревски, Сељадин Џезаири, Столе Наумов, Антонио Јовановски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски.

**Отсутни членови на Совет:** м-р Зоран Трајчевски (годишен одмор), м-р Борис Арсов (годишен одмор), Бранко Радовановиќ (боледување), м-р Алма Машовиќ (годишен одмор), Замир Мехмети (годишен одмор), Методи Стоименовски (годишен одмор).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Арбен Саити, Цветанка Митревска, Магадалена давидовска – Довлева, Владимир Ѓеоргиески, Јетон Исмаили, Луцција Ѓурковиќ и Бурим Хамиди.

**Присутни новинари:** Бојан Стојановски од ТВ Алфа, Теута Бучи од ТВ ЕРА, Соња Јовановиќ од Телма, Соња Казиовска од Дневник и Максим Ристески од Капитал.

Заменикот на претседателот на Советот, д-р Милаим Фетаи ја отвори 3-та седница на Советот за радиодифузија на РМ.

Тој предложи како Точка 21 да се додаде Точката "Барање бр.11-18 од 14.01.2013 година, за дополнување на регистрираниот дигитален пакет програмски сервиси бр.38 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за сите подружници." Предлогот беше едногласно усвоен.

Други предлози за дополнување и измена на дневниот ред не беа понудени. Советот со 9 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Предлог-Безбедносна политика на Советот за радиодифузија во областа на информатичките технологии.
2. Анализа на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста во периодот од 01 јули до 31 декември 2012 година.
3. Извештај за исполнување на обврските за заштита и негување на културниот идентитет во 2012 година.
4. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис Македонско радио – Радио Скопје, емитуван на 11 декември 2012 година.
5. Извештај од од мониторингот на програмскиот сервис Македонско радио-Радио Два, емитуван на 11 декември 2012 година.
6. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис Македонско радио-Радио Скопје (трет канал), емитуван на 11 декември 2012 година.
7. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип, емитуван на 11 декември 2012 година.
8. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД РАДИО АНТЕНА 5, Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, емитуван на 11 декември 2012 година.
9. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Радио трговско друштво Рос Метрополис ДОО Скопје емитуван на 11 декември 2012 година.
10. Барање бр.11-17 од 11.01.2013 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.23 на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Штип.
11. Барање бр.11-17 од 11.01.2013 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.21 на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Скопје.

12. Барање бр.11-17 од 11.01.2013 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.20 на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Свети Николе.

13. Барање бр.11-17 од 11.01.2013 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.19 на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Велес.

14. Барање бр.11-17 од 11.01.2013 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.21 на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Битола.

15. Барање бр.11-17 од 11.01.2013 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.19 на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Струмица.

16. Барање бр.11-17 од 11.01.2013 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.16 на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Кочани.

17. Барање бр.11-17 од 11.01.2013 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.11 на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Кавадарци.

18. Барање бр.11-06 од 11.01.2013 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.35 на Македонски Телеком АД – Скопје.

19. Барање бр.11-438 од 25.12.2012 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.34 на Македонски Телеком АД – Скопје.

20. Барање бр.11-420 од 17.12.2012 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.3 на ТРД – оператор на кабелска мрежа КДС-ВТ ДООЕЛ Пробиштип.

21. Барање бр.11-18 од 14.01.2013 година, за дополнување на регистрираниот дигитален пакет програмски сервиси бр.38 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за сите подружници

22. Разно

**Точка 1**

По дискусијата на членовите на Советот, Столе Наумов и Лазо Петрушевски, членот на Советот, Сељадин Џезаири предложи оваа точка да се одложи и да се разгледа на некоја друга седница. Членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов предложи најпрво оваа точка да се разгледа на Координација, а потоа да биде разгледувана на седница на Советот. Предлозите беа едногласно усвоени и точката беше одложена за некоја следна седница на Советот.

**Точка 2**

Советот ја разгледа и едногласно ја усвои предложената Анализа на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста во периодот од 01 јули до 31 декември 2012 година.

**Точка 3**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Извештај за исполнување на обврските за заштита и негување на културниот идентитет во 2012 година.

**Точка 4**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис Македонско радио – Радио Скопје, емитуван на 11 декември 2012 година. Со еднодневниот мониторинг на програмата на Македонско радио – Радио Скопје, емитувана на 11 декември 2012 година, не се констатирани

прекршувања ниту на одредбите од Законот за радиодифузната дејност ниту на подзаконските акти.

**Точка 5**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот предложениот Извештај од мониторингот на ЈП Македонска радио телевизија, Втор програмски сервис на Македонско радио, емитуван на 11 декември 2012 година. Со еднодневниот мониторинг на програмата на ЈП Македонска радио телевизија, Втор програмски сервис на Македонско радио, емитуван на 11 декември 2012 година, не се констатирани прекршувања ниту на одредбите од Законот за радиодифузната дејност ниту на подзаконските акти.

**Точка 6**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на ЈП Македонска радио телевизија, Трет програмски сервис на Македонско радио, емитуван на 11 декември 2012 година. Со еднодневниот мониторинг на програмата на ЈП Македонска радио телевизија, Трет програмски сервис на Македонско радио, емитуван на 11 декември 2012 година, не се констатирани прекршувања ниту на одредбите од Законот за радиодифузната дејност ниту на подзаконските акти.

**Точка 7**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип, емитуван на 11 декември 2012 година. Со еднодневниот мониторинг на програмата на Радио Канал 77, емитуван на 11 декември 2012 година, не се констатирани прекршувања ниту на одредбите од Законот за радиодифузната дејност ниту на подзаконските акти.

**Точка 8**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, емитуван на 11 декември 2012 година. Со еднодневниот мониторинг на програмата на ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, емитуван на 11 декември 2012 година, не се констатирани прекршувања ниту на одредбите од Законот за радиодифузната дејност ниту на подзаконските акти. Советот го задолжи Секторот за програмски работи да подготви известување до ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје во врска со Забелешката која произлезе од мониторингот на програмскиот сервис ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, емитуван на 11 декември 2012 година. Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да го достави горенаведеното известување до ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје.

**Точка 9**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис Радио трговско друштво Рос Метрополис ДОО Скопје емитуван на 11 декември 2012 година. Советот донесе одлука на Радио трговско друштво Рос Метрополис ДОО Скопје:

- поради прекршување на чл. 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со акустички средства) да му се изрече мерката: писмена опомена.

Советот го задолжи задолжува Секторот за програмски работи да подготви известување до Радио трговско друштво Рос Метрополис ДОО Скопје во врска со

Забелешката која произлезе од мониторингот на програмскиот сервис Радио трговско друштво Рос Метрополис ДОО Скопје емитуван на 11 декември 2012 година. Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја подготви Одлуката од точка 2 на овој Заклучок. Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да ги достави Одлуката и Известувањето до Радио трговско друштво Рос Метрополис ДОО Скопје.

**Точка 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21**

Советот ги разгледа и едногласно ги прифати Барањата за дополнување на регистрираниот збирен програмски пакет на: ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, Македонски Телеком АД – Скопје, Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје и ТРД – оператор на кабелска мрежа КДС-ВТ ДООЕЛ Пробиштип.

Советот едногласно одлучи:

- на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Штип, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 23 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Скопје, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.21 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Свети Николе, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.20 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Велес, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.19 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Битола, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.21 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Струмица, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.19 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Кочани, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.16 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, за град Кавадарци, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.11 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на Македонски Телеком АД – Скопје, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 35 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на Македонски Телеком АД – Скопје, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 34 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за сите подружници да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 38 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа КДС-ВТ ДООЕЛ Пробиштип, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.3 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да испрати допис до ТРД – оператор на кабелска мрежа КДС-ВТ ДООЕЛ Пробиштип во кој ќе побара да достави дополнителна документација за програмските сервиси наведени во Барањето бр.11-420 од 17.12.2012 година, а кои не беа усвоени на 3-та седница на СРД. Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да го достави Дописот ТРД – оператор на кабелска мрежа КДС-ВТ ДООЕЛ Пробиштип. Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да ги запише потврдите во

Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1. Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста да ги објави на веб страницата на Советот за радиодифузија измените во програмските пакети на: ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, Македонски Телеком АД – Скопје, Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје и ТРД – оператор на кабелска мрежа КДС-ВТ ДООЕЛ Пробиштип.

**Точка 22**
**Разно**

- Советот ја разгледа и ја усвои предложената Информација за Барањето на Мислење по Информацијата за одржување на 9-от состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност. Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста да го достави до Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Мислењето на Советот за радиодифузија по Информацијата за одржување на 9-от состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност (Ваш бр. 09-115/4 од 15 јануари 2013 година).

**Бр.02-211/12**
**13.02.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**Заменик на претседателот,**
**д-р Милаим ФЕТАИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Огнен Неделковски**

*Изработил / Одобрил: Огнен Неделковски*